| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Цивилно општество | | | |
| 2. | Код | 50703 | | | |
| 3. | Студиска програма | Политички студии на македонски јазик | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Правен факултет „Јустинијан Први“ | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв циклус | | | |
| 6. | Академска година /семестар | Трета година / шести семестар | 7. | Број на ЕКТС- кредити | 6 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Ненад Марковиќ<br>Проф. д-р Иван Дамјановски | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | нема | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции):<br>Целите и очекуваните резултати се следните:<br>▪ Студентите да ги разберат основните концептуални, терминолошки и етимолошки поими во сферата на цивилното општество;<br>▪ Студентите да бидат во состојба да ги разликуваат и разберат основните историски фази во развојот на цивилното општество, како и теоретските дебати и авторите на истите;<br>▪ Студентите да ги разликуваат класичните, модерните, современите и популарните теории / концепции на цивилното општество и да се во состојба да ги посочат нивните главни теоретски премиси, постулати и застапници;<br>▪ Студентите да можат да воспостават јасна врска помеѓу цивилното општество и сродните општествени сфери и јасно да ги распознаваат границите, разликите и специфичностите на истите;<br>▪ Студентите да бидат запознаени со најновите тенденции во развојот на цивилното општество по паѓањето на Берлинскиот ѕид;<br>▪ Студентите да се во состојба да ги распознаваат различните идеолошки и историски манифестации на цивилното општество;<br>▪ Студентите да стекнат солидни познавања од сферата на невладиното работење и поставеноста и функционалноста на невладините организации. | | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма:<br>За успешно следење на овој курс се очекува студентите да имаат стекнато широки предзнаења, посебно во сферата на политичките теории и современите политички теории со цел поуспешно следење на наставата. Овој предмет се надоврзува на корпусот на теоретски предмети како на пример Политички теории, Современи политички теории и Политичка филозофија и е во тесна терминолошка и концепциска корелација со нив.<br>Во рамките на предметот Цивилно општество студентите се запознаваат со поимното и концепциско определување на дискурсот на цивилното општество, како и со класичните и современи теории и дебати во оваа сфера. Цивилно општество е предмет кој опфаќа повеќе тематски целини кои започнуваат со поимното определување на цивилното општество и неговиот историски и хронолошки развој во историјата на политичката мисла, преку класичните и модерните теории и концепти.<br>Понатаму, содржината на предметот ги опфаќа современите дебати во рамките на научниот дискурс на цивилното општество како и концепциското определување на поимот во корелација со сродните општествени сфери (пазар, држава). Од аспект на актуелните случувања во сферата на цивилното општество предметот нуди содржини кои ги допираат темите на развојот на цивилното општетсво во посткомунистичкиот дискурс (цивилно општество во транзиција) како и под ударот на глобализацијата. Што се однесува до практичните теми во рамките на овој курс, невладиниот сектор е посебна сфера околу која предметот нуди содржини кои се повеќе од практична отколку теоретска природа.<br>1. Поим, етимолошко определување, класични модели на цивилно општество | | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2. Модерни сфаќања за поимот цивилно општество (модернизација на поимот во историјата на политичката мисла)<br>3. Цивилното општество и неговите извориштa во учењата на големите религии – генеза на политичките заедници во јудеизмот, христијанството и исламот<br>4. Современи дебати за цивилното општество<br>5. Современи теории за цивилното општество<br>6. Модели и функционални теории за цивилното општество<br>7. Социјален капитал, отворено и ризично општество<br>8. Предизвикот на посткомунистичко цивилно општество – цивилно општество во транзиција<br>9. Влијанието на организациите на цивилното општество врз македонската демократска транзиција и консолидација<br>10. Влијанието на организациите на цивилното општество врз македонската демократска транзиција и консолидација (2)<br>11. Кон глобално цивилно општество? Цивилното општество под ударот на глобализацијата<br>12. Правна рамка за функционирање на невладиниот сектор во Република Северна Македонија | | | |
| 12. | Методи на учење:<br>Во предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително: Power Point презентации, индивидуални и групни презентации од студентите како и заеднички дискусии. Предавањата ќе бидат интерактивни а се очекува и ангажираност на студентите од аспект на истражување на одредени теми во и вон материјалот кои можат да бидат презентирани во договор со предметниот професор и асистентите. Задачите за секоја наредна недела (каде е можно и порано) ќе бидат однапред назначувани со цел студентите да имаат доволно време да се подготват.<br>Од студентите се очекува да развијат истражувачки и аналитички вештини, но и да аплицираат презентерски вештини на час.<br>Што се однесува до задолжителната литература, студентите ќе добијат подготвена хрестоматија во која ќе бидат поместени сите написи и дополнителни материјали кои студентите ќе мора да ги прочитаат. | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 120 | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 52,5 часа предавања / 67,5 часа целосно оптоварување | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања- теоретска настава | 3,5 часа неделно |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | |
| | | 16.3. | Домашно учење – задачи | 67,5 часа вкупно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1. | Тестови | Завршен испит 80% од оценка |
| | 17.2. | Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна) | 10% од оценка |
| | 17.3. | Активност и учество | 10% од оценка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |

<table>
<tr><td rowspan="2"></td><td colspan="2" rowspan="2"></td><td colspan="2">од 81 до 90 бода</td><td colspan="2">9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td colspan="2">од 91 до 100 бода</td><td colspan="2">10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="2">Услов за потпис и за полагање завршен испит</td><td colspan="4">Присуство на најмалку 51% од наставата</td></tr>
<tr><td>20.</td><td colspan="2">Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="4">македонски</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="4">Евалуација и самоевалуација</td></tr>
<tr><td rowspan="12">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="6">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Реден број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Иванов, Ѓорге</td><td>Цивилно општество</td><td>ПНИД СТЕП</td><td>1994</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Павловиќ, Вукашин</td><td>Цивилно друштво и демократија</td><td>Службени гласник</td><td>2006</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Марковиќ, Ненад</td><td>Влијанието на организациите на цивилното општество врз македонската демократска транзиција и консолидација (докторска дисертација)</td><td>Правен факултет</td><td>2010</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Марковиќ, Ненад</td><td>Цивилно општество – историјат и современи сфаќања</td><td>ИДСЦС</td><td>2020</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Реден број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>2.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>3.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>